# ПРАВИЛА ЗА МАЛИТЕ ПЕШАЦИ



РСБСП

**Издавач:**
Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата
на Република Северна Македонија
www.rsbsp.org.mk

**ПРАВИЛА ЗА МАЛИТЕ ПЕШАЦИ**

**Автори:**
м-р Гордана Кожуваровска
Христина Камчева
Даниела Китева
Анѓелинка Стојанова Божинова

**Стручни соработници:**
Владимир Лазаров
Цанка Добринова

**Лектор:**
Татјана Лаљек-Кулишевска

**Печати:** „Графопром“ - Битола

**Тираж:** 20.000

Скопје, 2021 г.

copyright © РСБСП, 2021

CIP – Каталогизација во публикација

ISBN 978-608-4920-02-1

# С О Д Р Ж И Н А

Предговор ------------------------------------------------------------------------ 3
Делови на улицата ------------------------------------------------------------ 4
Учесници во сообраќајот ---------------------------------------------------- 5
Крстосница ------------------------------------------------------------------------ 6
Семафор ---------------------------------------------------------------------------- 7
Правила за пешаците ------------------------------------------------------- 8
Сообраќајни знаци ----------------------------------------------------------- 9
Правила на однесување во близина на коловозот ------------------- 12
Правила за велосипедисти ----------------------------------------------- 13
Правила почитувај- песничка --------------------------------------------- 14
На крстосница- расказ во слики ----------------------------------------- 16
Сообраќајни средства кои се движат по патот ----------------------- 17
Специјални возила ------------------------------------------------------------ 18
Полиција ----------------------------------------------------------------------- 19
Пожарна ------------------------------------------------------------------------ 20
Брза помош -------------------------------------------------------------------- 21
Гатанки ------------------------------------------------------------------------- 22
Пораки од децата за возачите ---------------------------------------------- 23



# ПРЕДГОВОР

*Грижата за децата е основната обврска на општеството, со цел да им се обезбеди весел, среќен и безбеден детски развој. Обврска на родителите, наставниците и локалната средина е да влијаат на развојот на детската личност и да имаат заедничка цел: децата да ги научат убавите, позитивните работи, со што ќе помогнат децата да се развиваат во личности со високи морални и етички вредности во животот, се разбира и во сообраќајот како дел од животот на секоја индивидуа.*

*Безбедноста на децата во сообраќајот подразбира едуцирање на децата уште од најрана возраст за основните правила и прописи во сообраќајот. Првите форми на едукација почнуваат во семејството, а потоа продолжуваат во градинката, училиштето и вон училиштето.*

*Децата се најзагрозена категорија на учесници во сообраќајот и затоа треба да им се помогне, пред сè со едукација, затоа што децата не ја познаваат доволно улицата и опасностите кои таа ги носи. Децата треба да почнат да ги учат правилата од најрано детство, за утре кога ќе пораснат да бидат одговорни учесници во сообраќајот и да знаат да се грижат за сопствената безбедност и за безбедноста на другите. Едукацијата за безбедност на патиштата кај децата има важна улога во обликувањето на нивната свест за потребата од учење и почитување на сообраќајните правила.*

*Тоа значи дека треба што порано да се почне да се разговара со децата за сообраќајот и тој процес да биде континуиран. Најпрво тоа треба да се случи во семејството, да продолжи во градинката и потоа во основното образование.*

*Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП) постојано укажува на клучната и незаменлива улога на родителот за поголема безбедност на децата во сообраќајот, затоа што тие се во можност да им даваат личен пример за одговорно учество во сообраќајот.*

*„Децата се огледало на возрасните.“*

# ДЕЛОВИ НА УЛИЦАТА




Секоја улица е составена од следниве делови:

коловоз – тоа е местото каде што се движат моторните возила

рабник (раб на коловозот) – тоа е дел којшто ги одделува коловозот и тротоарот

тротоар – тоа е местото каде што се движат пешаците







# Учесници во сообраќајот



Пешак - тоа е лице кое учествува во сообраќајот а не управува со возило, велосипед или други превозни детски средства. Пешак е и лице кое турка детска количка, турка велосипед или стол за немоќни лица, како и лице кое се движи со ролшуи или ролери.





Возач – тоа е лице кое управува со возило на пат.



# КРСТОСНИЦА



Местото каде што се вкрстуваат две улици се нарекува – крстосница или раскрсница.





На секоја крстосница има поставено семафори коишто го регулираат сообраќајот.

Ако на крстосницата нема семафори, тогаш таму стои полицаец којшто е задолжен да го регулира сообраќајот.

Полицаецот кажува кога треба да се движат или да застанат пешаците или автомобилите.



# СЕМАФОР



## Семафор за пешаци



**Црвеното светло на семафорот означува - СТОЈ**

**Зеленото светло на семафорот означува - ТРГНУВАЈ**

**светлосни сообраќајни знаци**



## Семафор за автомобили



**Црвеното светло на семафорот означува - СТОЈ**

**Жолтото светло на семафорот означува – ПОДГОТВИ СЕ**

**Зеленото светло на семафорот означува - ТРГНУВАЈ**

# ПРАВИЛА ЗА ПЕШАЦИТЕ



Секој од нас како пешак учествува во сообраќајот.

Секој пешак треба да ги почитува правилата во сообраќајот. Тоа значи дека на оние места каде што има тротоари пешаците треба задолжително да се движат по тротоарот.

Кога на улицата има пешачки премин, пешакот е должен да ја помине улицата на пешачкиот премин.

Пешакот е должен да помине преку коловозот по најкусиот пат, без да се задржува на коловозот.



Доколку крстосницата/раскрсницата е регулирана со светлосни сообраќајни знаци за пешаци, пешакот е должен да ги почитува знаците.

Доколку за преминување на улицата има изградено подземни и надземни пешачки минувалишта, пешакот е должен да се движи по нив, заради својата безбедност.

За безбедно вклучување на пешаците во сообраќајот, при преминување на улицата, пешакот треба да погледне прво на левата, а потоа на десната страна.

Кога пешаците се движат по коловозот, треба да се движат еден зад друг.

На јавен пат и вон населба, пешаците се движат по левиот раб на коловозот. Така ќе имаат добар преглед на возилата кои им доаѓаат во пресрет, со видот и со слухот. Во исклучителни ситуации пешаците можат да се движат и по десниот раб на коловозот ако има некои пречки на коловозот (одрони, кривини или некои други проблеми на коловозот).



# СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ




Сообраќајните незгоди секогаш се случуваат поради непочитување на сообраќајните правила и прописи. Да се учествува во сообраќајот како возач и како пешак, значи дека треба да се биде одговорен и да се почитуваат сообраќајните правила и прописи, секаде и секогаш.

Сообраќајните знаци се знаци на патиштата без кои одвивањето на самиот сообраќај би бил отежнат. Тие се употребуваат во секоја земја во светот. Тие се делат во три групи, и тоа: знаци за опасност, знаци за известување и знаци за изречни наредби (или знаци за забрана или ограничување и знаци кои означуваат обврска).

Секоја група на сообраќајни знаци има и различна форма, па така учесниците во сообраќајот полесно ќе можат да ги научат и распознаваат.

Сообраќајните знаци се исти насекаде во светот и важат за сите учесници во сообраќајот. Сообраќајните знаци може да ни забрануваат движење, да нè насочуваат за опасностите што ни претстојат на патот и да нè известуваат за тоа каде и што се наоѓа на патот на кој возиме или се движиме.



# СООБРАЌАЈНИ ЗНАЦИ



пешачки премин





деца **на патот**






**болница**




**паркинг**




**стоп**



# ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ ВО БЛИЗИНА НА КОЛОВОЗОТ







Кога се движиме по улица не смееме да се движиме со слушалки на ушите, затоа што нема да можеме да слушнеме кога сме во опасност. Кога возиме велосипед, во никој случај не смееме да се движиме по коловозот туку на строго обележана патека.



Улицата не смееме да ја поминуваме набрзина и без да погледнеме од левата и десната страна на коловозот, туку секогаш онаму каде што е најсигурно.



Исто така не смееме да си играме со топка во близина на коловозот или на коловозот, туку на одредени места за играње како паркови или игралишта.



Сите учесници во сообраќајот коишто управуваат со велосипед треба да се движат по строго обележана велосипедска патека.



Затоа и пешаците кои се движат по тротоарот треба да внимаваат зашто велосипедската патека е веднаш до патеката по која се движат пешаците.



# Почитувај правила

Музика и аранжман:
Горан Ѓорев

Текст:
Анѓелинка Божинова




**2. Во сообраќајот мило дете,**
**треба да се внимава,**
**ако некој прави грешка,**
**тешко знај се поправа.**
**2x**

**РЕФРЕН: ........ 2x**







# НА КРСТОСНИЦА



Еден ден две  излегоа да се прошетаат низ  .

Кога стигнаа на  застанаа и чекаа знак од  за да ја поминат  затоа што  не работеше. Така чекајќи забележаа едно  кое сакаше да ја помине  набрзина. Но,тие го фатија за рака и го предупредија дека треба да чека знак од  за да ја помине  .

На крајот кога  даде знак тие тројца поминаа заедно и го предупредија  дека уште еднаш треба многу да внимава кога ја поминува  . И дека ако работи  тогаш треба да го чека светлосниот знак од  да помине на зелено светло на  и секогаш улицата да ја поминува на  .



# СООБРАЌАЈНИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ДВИЖАТ ПО ПАТОТ
















# СПЕЦИЈАЛНИ ВОЗИЛА




**Специјалните возила се користат кога ни е потребна нивна најголема помош.**

**Кога се движат овие возила по улица, имаат предност и со нивната светлосна и звучна сигнализација се пропуштаат, односно имаат предност да поминат пред другите возила.**






Полицијата ја повикуваме кога има сообраќајна незгода, некаков неред некаде или кога треба да фатиме некој крадец.

Полицијата располага со разни алатки и инструменти кои ѝ се потребни за да можат да ги приведат оние кои го прекршуваат правилото на однесување, односно да ги ставаат во затвор оние кои се однесуваат недолично и непристојно.

**Број за повикување на полиција:192**








Пожарната ја повикуваме кога имаме проблем со пожар т.е. оган. Пожарната секогаш располага со потребните материјали кои ѝ се неопходни за гаснење на пожарот којшто е предизвикан од која било причина и на кое било место.

**Број за повикување на пожарна:193**








Брза помош повикуваме кога на некој му е потребна здравствена помош, односно кога на некој му е влошена здравствената состојба, па не е во можност тој самиот да отиде во болница. Брзата помош располага со потребните материјали и инструменти кои се неопходни за да му се помогне на оној којшто е во животна опасност.

**Број за повикување на брза помош:194**








# ГАТАНКИ








На улица ме има
со големи шарки бели,
по нив безбедно се движат
пешаците смели.

_ _ _ _ _ _ _   _ _ _ _ _ _





На крстосница стојам
имам светла три,
за да бидеш безбеден
погоди кој сум веднаш ти?

_ _ _ _ _ _ _



За безбедноста во
градот се грижиме ние,
а за тоа да биде лесно
на 192 се јавувате вие.

_ _ _ _ _ _ _ _





# ПОРАКИ ОД ДЕЦАТА ЗА ВОЗАЧИТЕ



**ВОЗАЧИ**

- **Секогаш имајте на ум дека вие сте најодговорни за безбедноста на децата во сообраќајот.**
- **Почитувајте ги поставените знаци кои укажуваат за ограничување на брзината.**
- **Бидете подготвени во секое време безбедно да го застанете вашето возило, посебно во близина на училиште или градинка или на места каде што децата играат.**
- **Внимателно следете ги поставените знаци кои покажуваат дека во ваша близина има училиште или пешачки премин.**
- **Намалете ја брзината и пристапете со посебно внимание на оние места каде што на коловозот има паркирано повеќе возила затоа што децата доаѓаат одненадеж меѓу возилата без да можете навремено да ги забележите.**
- **Не паркирајте на места каде што играат децата.**
- **Внимавајте на децата во сообраќајот!**
- **Заштитете ги децата зашто тие се ваша иднина, ваше најголемо богатство!**